**Архивски број: 04 – 1066/11**
**Дата:11.08.2022 година**

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Сл.Весник на Р.М" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и „Сл.Весник на РСМ" бр.257/19,14/20,215/21 и 99/22) , а во врска со интерниот оглас за унапредување во Државниот инспекторат за транспорт бр.01/2022, и Предлогот за унапредување на кандидатите по интерен оглас бр.04-1066/2 од 27.07.2022 година, в.д.Директорот на Државниот инспекторат за транспорт донесе :

## О Д Л У К А
**за неизбор на административен службеник за работното место број 3 по интерен оглас бр.01/2022**

1. Во врска со интерниот оглас број 01/2022 за унапредување на административен службеник во Државниот инспекторат за транспорт, објавен на веб страната на Државниот инспекторат за транспорт и Агенцијата за Администрација, за следните работни места

- ИНС0101В01001 - Советник инспектор за патен сообраќај за Прилеп,Македонски Брод и Крушево во Одделение за инспекциски надзор над патниот сообраќај во Сектор за инспекциски надзор – 1 (еден) извршител **НЕ ИЗБИРА** кандидат

2. Директорот на Државниот инспекторатза транспорт во рок од 5 дена на избраните кандидати по конечноста на одлуката ќе донесе решение за унапредување на административните службеници од точка 1 на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиеното известување за обезбедни средства од Министерство за финансии бр.18-7886/2 од 26.07.2022 год, за унапредување на административни службеници, Државниот инспекторат з атранспорт на ден 28.07.2022 год, објави на веб страната на ДИТ и на Агенцијата за администрација Интерен оглас бр.01/2022 заведено под бр.04-1066/2 од 27.07.2022 год, за унапредување на 3 државни службеници.


Државен инспекторат за транспорт
Ул.Кузман Јосифовски Питу бр.21,
Скопје

Inspektorati shtetëror për transport
Rr. „Kuzman Josifovski Pitu nr.21, Shkup

+389 2 2 464 510
www.dti.gov.mk

Во врска со наведениот оглас и работните места, Комисијата за унапредување на административни службеници, формирана со Решение бр. 04-1066/5 од 01.08.2022 година, спроведе административна селекција по интерниот оглас, за што изготви записник за селекција на кандидатите заведено под бр. 04-1066/8 од 11.08.2022 година,при преглед на приложените документи Комисијата за унапредување на административни службеници констаира дека кандидатот за работното место број 3 со назив ИНС0101В01001 - Советник инспектор за патен сообраќај за Прилеп,Македонски Брод и Крушево во Одделение за инспекциски надзор над патниот сообраќај во Сектор за инспекциски надзор **нема соодветен степен на образование и нема соодветен вид на образование барано со интерниот оглас.**

Имајќи го во предвид горенаведеното, в.д.директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** **Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен,во рок од 8 дена.**

**в.д.Директор/u.d.Drejtor,**

Gajur Rushiti

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Кандидатот
- Огласна табла
- Архива


Државен инспекторат за транспорт
Ул.Кузман Јосифовски Питу бр.21,
Скопје

Inspektorati shtetëror për transport
Rr. „Kuzman Josifovski Pitu nr.21, Shkup

+389 2 2 464 510
www.dti.gov.mk